Димитар ДИМЕСКИ

# ИДЕАЛИТЕ НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ И ДЕНЕШНАТА СЛОБОДА*

Личноста и делото на Гоце Делчев се длабоко вткаени во поновата историја на македонскиот народ. Неговото име ги персонифицира високите дострели на македонската илинденска генерација. Несомнено, Гоце Делчев е визионер, идеолог, апологет, организатор и предводник на македонското националноослободително движење од крајот на XIX и почетокот на XX век.

Во последната деценија од минатиот век, во констелација на блоковска поделеност на европските империјалистички сили, полуколонијалниот статус на Османската империја и разгранетата црквено-просветна пропагандна дејност во Македонија од страна на соседните балкански големодржавни претенденти на македонското поднебје — датира појавата на Македонската револуционерна организација. Притоа МРО се појавува во улога на авангардна сила и факелоносец на македонското националноослободително движење, кое со неа зачекори во нова, повисока фаза од својот развиток. Нејзината појава дошла токму навреме за да го спречи распарчувањето на живото тело на поробениот македонски народ од страна на аспираторските канџи на странските големодржавни елементи. Едновремено, оваа појава „... го означила почетокот на новата, поразвиена фаза во процесот на национално конституирање на македонскиот народ. Преку ова движење македонскиот народ стапил на балканската политичка сцена како активен национално-политички субјект кој гласно ќе ги најави своите аспирации врз сопствената национална територија и ќе побара патишта за да ја определува самиот идната национално-политичка судбина“. (М. Пандевски)

Воедно, македонското националноослободително движење широко го раскрилило процесот на создавањето на македонска национална држава. Покрај тоа, македонското националноослободително движење со својот буржоаско-демократски карактер носело белези и на општествено-економска револуција, како рушител на феудалните продукциони стеги на назадната османска

---

* Реферат одржан на XIV „Гоцеви денови, '85“ во с. Подгорцци — Струга на 18 мај 1985 година.

држава. Сепак, буржоаско-демократскиот карактер на македонското националноослободително движење не попречил врвната творба на ова движење, Крушевската Република, да добие снажен социјалистички колорит, благодарение, првенствено, на креативната улога на Каревата социјалистичка струја слеана во македонското националноослободително движење, како и на Делчевите визионерски пораки.

Гоце Делчев ја просветли Македонија. Тој е сублимно чедо на својата епоха. Неговата кратка, но импресивна, содржајно богата биографија, омеѓена со Кукуш и Баница, е целосно посветена на својот народ. Последната, најплодна деценија од својот живот, комплетно ја подари на македонското националноослободително движење, на македонската бескомпромисна борба за национална и социјална слобода. Неговото активно присуство на македонската историска сцена во бурниот временски интервал од 1894—1903 година, го облагодари македонското националноослободително движење.

Гоце Делчев, заедно со Ѓорче Петров, застана на чело на новите револуционерни сили кои ги надраснаа идејните погледи на основачите на МРО, ги освежија и проширија нејзините идејни хоризонти со креирање на нова, подемократска концепција за развојот на македонската ослободителна борба.

Гоце Делчев своето револуционерно кредо го изгради врз прогресивната мисла на своето време, како и врз сопственото проникнување и осознавање на исконските копнежи и стремежи на македонскиот народ за слобода и подобар живот. Притоа, Делчевиот длабок хуманизам ја потенцира социјалистичката насоченост на неговиот светоглед.

Гоце Делчев се експонира како вонредно динамична личност на македонската револуционерна арена. Активирајќи се, Делчев со невиден полет ја импулсира дејноста на македонското националноослободително движење, ја прошири базата на тоа движење и внесе демократска свежина во неговата средина. За кратко време, речиси секавично, Делчев се најде во челните редови, израснувајќи во идеолог и стратег на македонската националноослободителна борба. Оттаму, Делчевите идеали за национална и социјална слобода ги пригрлија како свои неговите идејни соподвижници од македонското националноослободително движење, како и следните генерации прогресивни македонски револуционери. Оттаму, Гоцевите идеали го надживеаја своето време, прераснувајќи во позитивно револуционерно историско наследство на македонскиот народ.

Гоце Делчев е автентичен водач на автохтоното македонско националноослободително движење. Не случајно, познатиот македонски марксистички мислител, публицист и револуционер, Димо Хаџи-Димов го номинира Делчева за прв апостол на македонската револуција.

Гоце Делчев е македонски национален револуционер од балкански масштаб. Нему му е туѓ секаков национализам и шовинизам. Тој вели: „Јас не ги мразам Османлиите како народ; јас војувам против османската тиранија како владеачки систем". Дури и нешто повеќе. Тој мечтае за балканска федеративна република како највисок дострел на збратимување на балканските народи. Притоа, главната кочница за реализирање на таа идеја ја гледа во конзервативните балкански монархии, за кои Македонија е јаболко на раздорот. И не само тоа. Она што Делчева го издига високо над неговите современици е неговиот интернационален, космополитски поглед: „Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар на народите". Оваа луцидна мисла го вбројува Делчева во редот на прогресивните светски хуманисти. Нејзината голема порака, до денес, ништо не загуби од својата актуелност.

Гоце Делчев е еден од столбовите на самостојноста на македонското ослободително дело. Тој секогаш бескомпромисно стои на браникот на самостојноста и самобитноста на македонското националноослободително движење. Затоа, според Полјански, Гоце е трибун на македонската самостојност и самобитност. Делчев идеал е „слободна и независна Македонија со широки права на сиромашното население". Негова е максимата: „Ослободувањето на Македонија лежи во внатрешно востание. Кој мисли инаку да се ослободи Македонија, се лаже и себеси и другите".

За да се дојде до саканата цел, според Делчев, „секој треба да ја засили својата енергија, да ги оптегне заспаните струни на робјето, да се раздвижат нивните чувства кон пожртвување". Оттаму, тој смета дека „моралната револуција — револуцијата во умот, срцето и душата на еден ропски народ, е најголемата задача".

Делчев ја согледува големата опасност надвисната над Македонија од страна на балканските монархистички држави поради нивните отворени амбиции — децидно пласирани од нивните пропагаднди агентури. Особено, Гоце Делчев се спротивставува со сето свое битие на најагресивната пропаганда, бугарската, и на нејзиното главно орудие, врховизмот. Тој е противник на секакво мешање на надворешни фактори во ослободителното дело на македонскиот народ. Во таа смисла тој одбива секаква надворешна помош сврзана со амбиција за манипулирање со македонското ослободително дело. Тој истакнува: „Организацијата на македонскиот народ е нужна да го собори ропството над себе, а не да тргува". Затоа, тој смета дека револуционерната борба треба да се води единствено со сопствени сили. Тој апелира: „Да ја чуваме чистотата на ослободителното движење и на Организацијата — тоа е првиот услов за нашиот успех!" Притоа, Делчев потенцира: „Ако тоа не го направиме, Маке-

донија ќе падне под некоја од балканските држави или ќе биде разделена меѓу нив". Каква јасна визија! Само деценија по неговата трагична погибија, Македонија ќе биде распарчена помеѓу балканските сојузници.

За разлика од одбивниот став кон надворешната претенциозна помош, Делчев пледира на проширување на базата на македонското националноослободително движење преку барање внатрешни сојузници на македонското ослободително дело. Познато е дека МРО се отвора за сите недоволни елементи без оглед на етничката и конфесионалната припадност. Дури и нешто повеќе. Делчев меѓу првите се залага за вклучување на жената во револуционерната борба, со што ослободителното движење добива поширока, општочовечка димензија. Од друга страна, Делчев одигра позитивна улога за инкорпорирањето на социјалистичката група предводена од Русински и Веле Марков во МРО, при што, уште еднаш, доаѓа до израз неговата социјалистичка насоченост.

Гоце Делчев се пројави како голем реалист. Тој е еден од главните протагонисти на идејата за активно вклучување на селото во ослободителното движење. Со тоа не само што е проширена базата на движењето и овозможено неговото масовизирање, а со самото тоа и евидентното демократизирање, туку е создаден и главниот предуслов за создавање и егзистирање на воената сила на движењето, т.н. четнички институт, чиј родоначалник беше тој. А, се знае, без воен фактор нема револуција! Делчев е голем противник на расчекорот помеѓу зборовите и делата. Тој вели: „Ќе бидете многу наивни ако им верувате на нашите зборови, гледајте ги нашите дела!" Уште е покатегоричен кога истакнува: „Револуционерот се издигнува во свеста на народот преку своите дела". Тој е приврзеник на нивното единство, коешто всушност го докажува низ личниот пример. Оттаму, се пројави како врвен организатор, масовик на движењето. Оттаму резултира и неговата огромна популарност и снажен авторитет сред македонските народни маси. Тоа го обви неговото име со ореол на легенда. Оттаму, Делчевите идеали, вплетени во неговото импозантно дело, станаа непресушна инспирација и патоказ на неговата и наредните генерации македонски револуционери. Првиот значаен чекор во тој правец го направи неговата, илинденска генерација, која ја понесе Илинденската Голгота и ја извиши Крушевската Република, како светилник и патоказ на идните македонски генерации во нивната натамошна борба за национална и социјална слобода. Конечно, квалитетно збогатените идеали на Првиот Илинден се вградени во темелите на Вториот Илинден и реализирани во СР Македонија, која гради светла иднина во рамките на социјалистичка, Титова Југославија.

Денес, кога ја прославуваме 40-годишнината од ослободувањето и победата над фашизмот, 40-годишнината од победата на прогресивните хуманистички сили над мрачните сеништа на нацизмот и отворањето на новата епоха во човечката историја, пред нас гордо воспламтува грандиозниот придонес на збратимените југословенски народи и народности за крахот на најцрното, аветинско фашистичко мракобесие во историјата на човештвото. За југословенските народи и народности тоа едновремено значеше победа на НОВ и Социјалистичката револуција и почеток на мирен социјалистички развој во нова, социјалистичка Југославија. Македонскиот народ ја создаде федерална Македонија во рамките на социјалистичка Југославија, здобивајќи се, за првпат во својата историја, со национална и социјална слобода. За тоа придонесе и илинденската традиција во која се вградени Гоцевите идеали. Таа им помогна на македонскиот народ и народностите полесно да ги пребродат најтешките мигови во својата понова историја, да ја отфрлат Шарловштината и безрезервно да се вклучат, под знамето на КПЈ и другарот Тито, во победоносната НОВ и Социјалистичката револуција заедно со братските југословенски народи и народности. Затоа, во новата македонска република вплетена во југословенската федерација, според нашиот водечки делчеволог, Христо Андонов Полјански, „најеклатантно дојдоа до израз, се остварија, се потврдија и квалитетно се надминаа идеалите на Гоце. 'Октомвриското првенче' како што вели поетот, стана најубав монумент на неговото грандиозно дело".

Животворноста на Гоцевото дело го покажува евидентниот континуитет на револуционерните пулсации на македонскиот народ. Тоа е неодминливо, кристално чисто дело, целосно посветено на својот народ. Бесмислени се, оттаму, странските присвојувања на ова дело, поради што личат на безумни фарси без никаква иднина. А што се однесува до предавниците на својот народ, Гоце ги жигоса уште во 1897 година со зборовите: „Кој знае дали има народ, кој толку многу трпел од своите синови изроди, како македонскиот . . ." Каква актуелност! Зар не сме сведоци на нови ренегати, кои и денес пладнуваат под странски ловорики, благодарение на продадената совест и фарисејската негација на сопствениот народ!

Денес ,кога ја прославуваме 1100 годишнината од смртта на Методиј, се потсетуваме на грандиозниот придонес на македонските и сесловенските просветители Кирил и Методиј, на нивното вечно дело, кое ги наджевеа искушенијата на вековите, па сега сјае во полна светлина.

А зар не е такво и делото на Гоце Делчев, кој метеорски прошета низ македонското поднебје, оставајќи зад себе незгаснат пламен проследен со трајна, неизбришлива трага?